Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 105/0306
18.05 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 09.05.2023 година, врз основа на примена жалба од Арбериа Дизајн (Арбериа Десигн) го донесе следното:

# МИСЛЕЊЕ

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**ТВ „Телма“ со текстовите насловени „Министерот Шаќири призна - учебници од први септември“ и „Министерот Шаќири призна - учебници дури од први септември, постапката за свидетелствата е во тек“, не ги прекршил етичките и професионалните стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 10 април 2023 година, фирмата Арбериа Дизајн поднесе жалба за текстови со наслов „Министерот Шаќири призна- учебници од први септември“ и „ Министерот Шаќири призна- учебници дури од први септември, постапката за свидителствата е во тек“, објавени на 6 април 2023 на интернет – страницата на ТВ Телма (www.telma.com.mk).

Во жалбата се наведува дека во двата текста се прекршени членовите 1, 4, 5 и 10 од Кодексот на новинарите. Жалителот смета дека во двата текста има неточно и нефер известување, дискриминација, мешање на факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Подносителот на жалбата вели дека во врска со минатогодишното печатење свидетелства за учениците, јавноста е дезинформирана и дека со тоа е нарушен угледот на компанијата. Во жалбата, меѓу другото пишува:

„Нарачателот на услугите за печатење свидетелства не е МОН, туку Бирото за развој на образованието и нашата компанија воопшто не задоцнила со испорачување на услугата заради која учениците не добија свидетелствата на време – што може лесно да се провери од јавно достапниот портал за е-набавки каде јасно се гледа кој е нарачателот, и кога е направена нарачката. Следствено, јавноста повторно е дезинформирана со груба лага дека причината зошто наводно не сме ги испечатиле свидетелствата, е нашиот ангажман во прославата на Рамковниот договор. Реченицата дека нашата компанија ја тресат низа скандали – е груба манипулација на јавноста и нарушување на нашата деловна репутација“.

**ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот на жалбата, стапи во контакт со ТВ Телма и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Во одговорот од управителката и одговорен уредник на ТВ Телма Снежана Лупевска Созен, се појаснува дека поради исклучителното високо ниво на јавен интерес за работата на компанијата „Арбериа Дизајн“ во поглед на обезбедувањето услуги кон државата со средства од Буџетот на РСМ, таа била дел од повеќе написи и истражувања не само на Телма, туку и на повеќе други медиуми.

Во одговорот на жалбата се наведува и дека секој има право на демант, исправка и одговор за утврдување на точноста на информациите, кое право, жалителот во овој случај не го

искористил. Понатаму, во одговорот се вели дека во последниот пасус на текстот имало техничка грешка и истата е исправена, што говори за професионалноста во работењето на телевизијата.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е НЕОСНОВАНА и со мнозинство гласови одлучи дека во текстот нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија, ниту повреда на членовите 1, 4, 5 и 10 од Кодексот, на кои упатува жалителот.

Комисијата не констатираше дека има неточно и нефер известување, дискриминација, мешање на факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 9 мај 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Комисијата констатира дека се работи за текст од исклучително висок јавен интерес бидејќи станува збор за трошење јавни пари во доменот на образованието, но и на други сфери од општественото живеење, од што во крајна линија се засегнати граѓаните.

Комисијата исто така констатираше дека по добиената претставка од страна на Арбериа Дизајн, извршена е корекција во објавената содржина, што е јасно назначено и во насловот, и во двата предметни текста. Во коригираниот текст назначено е дека по поднесена претставка до Комисијата за жалби на СЕММ од страна на „Арберија дизајн“ на 04.05.2023, оригиналниот текст е сменет.

Оригиналниот дел на кој е направена исправката гласи: „Минатата година учениците ги чекаа свидетелствата и не ги добија на време бидејќи компанијата Арберија Дизајн која се понуди и победи на тендерот вреден 13 милиони денари организираше прослава за одбележување на Рамковниот договор“.

Коригираниот дел од содржината сега гласи: „Минатата година учениците ги чекаа свидетелствата и не ги добија на време, а тендерот од 13 милиони денари го доби компанијата Арберија Дизајн. Свидителствата беа поделени наместо во јуни, во август. Арберија во август лани ја организираше прославата за одбележување на Рамковниот договор“.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Понатаму, Комисијата расправаше за делот од содржината каде се тврди дека „компанијата ја тресат низа скандали“. Дел од членовите сметаа дека во овој дел требало да биде нагласено за кои скандали станува збор и дека станува збор за непрецизност во искажувањето. Еден од членовите сметаше дека во случајов требало да се побара изјава и од претставник на „Арбериа Дизајн“. Сепак, имајќи го предвид фактот што за регуларноста на јавните набавки во кои била вклучена компанијата во голем број медиуми се објавени аналитички новинарски текстови, Комисијата констатираше дека наводот во текстот на Телма дека „компанијата ја тресат низа скандали“ не е неоснован. Оттаму, меѓу членовите на Комисијата преовлада мислењето дека јавниот интерес во конкретната медиумска содржина е голем и не најде основи за прекршување на Кодексот на новинари.

Комисијата констатираше дека фокусот на темата е трошењето на јавните пари и дека улогата на медиумите е токму тоа – да истражуваат и анализираат како се трошат парите на државните и на јавните институции и воедно да отвораат прашања и сомнежи во однос на доделувањето на тендерите. Комисијата, исто така, потсетува дека Европскиот суд за човекови права во своите пресуди постојано ја нагласува улогата на слободните и независни медиуми како „јавни чувари“ (public watchdogs) во демократското општество, кои со својата истражувачко и критичко известување придонесуваат за отчетноста на оние кои се на власт1.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Двајца од членовите се иземаат од расправата и од гласањето поради можен конфликт на интерес.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

[1] Европски суд за човекови права, Водич за примена на членот 10 од Европската конвенција за човекови права, стр.53. Достапно на: https://echr.coe.int/Documents/Guide_Art_10_ENG.pdf

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595